**Весна Трајановска**[1]

# ПРОЦЕСНАТА СПОСОБНОСТ НА СВЕДОКОТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

**1.02 Прегледна научна статија**

**УДК 343.143:347.155**

## Апстракт

Овој труд се фокусира на способноста на лицето да биде сведок во кривичната постапка, која претставува клучен предуслов за утврдување на фактите и веродостојноста на доказите. Процедуралната проверка на способноста се спроведува при повикувањето на сведокот, со цел да се обезбеди точен, релевантен и законски допустлив исказ. Трудот ги идентификува четирите основни претпоставки за сведочење: интелектуална способност, морална способност, непосредно познавање на предметот, и законски претпоставки и привилегии.

Особено внимание е посветено на разграничувањето помеѓу способноста на сведокот и веродостојноста на неговиот исказ, како и улогата на судот во процената на допуштеноста и обемот на сведочењето. Се изведува споредба помеѓу континенталниот и англосаксонскиот модел, при што се нагласува значењето на интегритетот на сведокот и довербата во неговиот исказ.

Заклучокот потврдува дека усогласената и стручна примена на процесните правила за способноста на сведокот е од клучно значење за праведна, ефикасна и законита кривична постапка, со цел заштита на индивидуалните права и интегритетот на доказите.

**Клучни зборови:** *процедурална способност, веродостојност на исказ, интелектуална способност, морална способност, непосредност на исказот, законски претпоставки и привилегии.*

[1] Авторката е доктор на правни науки од областа на казненото процесно право, избрана во звање вонреден професор по казнено право на Меѓународниот балкански универзитет.

## 1. Вовед

Сведочењето претставува едно од најзначајните и најчесто користени доказни средства во кривичната постапка. Секое лице, во принцип, се смета за способно да биде сведок, сè додека не се утврди спротивното преку јасни законски или фактички пречки. Оваа претпоставка се темели врз сознанието дека секое лице со релевантни информации за фактичката состојба на предметот може значително да придонесе за утврдување на материјалната вистина.[2]

Сепак, начинот на кој се спроведува испитувањето на сведокот има суштинско значење за правилното водење на постапката. Сведоците, како субјекти со индивидуални психолошки, когнитивни и емоционални особености, не се само носители на информации, туку и личности чие достоинство, сигурност и права мора да бидат заштитени. Оттаму, се поставува прашањето дали начинот на испитување може целосно да се нормира или, пак, треба да се адаптира кон индивидуалните карактеристики на секој сведок.[3]

Законот за кривична постапка прифаќа[4] т.н. средишно решение, предвидувајќи општи правила што ја уредуваат формалната рамка на испитувањето, како и посебни одредби што обезбедуваат почитување на личноста и на основните човекови права на сведокот. Притоа, Законот не го ограничува судското овластување преку претерана нормативност на секој поединечен аспект од испитувањето, туку остава простор судот да ја приспособи постапката на конкретниот сведок и на природата на случајот. Ваквиот нормативен пристап овозможува рамнотежа помеѓу законитоста и флексибилноста: од една страна, се гарантира почитување на процесните начела – како што се начелото на непосредност, еднаквост на странките и правото на одбрана, а, од друга страна, се овозможува индивидуален пристап кон сведоците за добивање веродостојни и релевантни искази.

Сумирано, едно лице се смета за способно да сведочи сè додека не се докаже спротивното. Страната што го тврди спротивното носи товар на докажување дека сведокот е неспособен да ја изврши оваа функција. Кога постојат сомнежи или забелешки од едната

---

[2] Закон за кривична постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.
[3] Bindemann, M., Zeugenvernehmung im Strafprozess, Berlin: De Gruyter, 2018, стр. 22–24.
[4] Г. Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски, Д. Илиќ, „Казнено процесно право“ Скопје, 2015 г., стр. 139.

страна дека на сведокот може да му недостигаат одредени елементи, односно претпоставки на способноста да биде сведок, таа страна е обврзана да ја докаже конкретната неспособност. Таа може да се однесува на неможноста сведокот да ја разбере обврската што произлегува од давањето заклетва, недоволното разбирање на последиците од лажно сведочење, како и на ограничената способност за точно набљудување, запомнување и пренесување на релевантните настани.[5]

За прецизна кривично-процесна анализа е неопходно да се разграничи способноста на лицето да биде сведок за релевантноста, автентичноста и веродостојноста на неговиот исказ. Исполнувањето на формалните критериуми за способност не гарантира дека сведокот ќе обезбеди убедлив и кредибилен доказ. Лицето што ги исполнува личните предуслови за сведочење може да биде исклучено од улогата на сведок доколку постојат оправдани сомнежи за веродостојноста на неговиот исказ или ако доказот е нерелевантен, неавтентичен, прејудицирачки или незаконски прибавен. Ова особено се однесува на искази засновани врз посредни информации (*hearsay*) или на докази прибавени со повреда на законски пропишаните процедури, со цел зачувување на интегритетот на судскиот процес и довербата во неговите исходи.[6]

Дополнително, сведоците се ограничени на начинот и обемот на својот исказ. Судијата има овластување да примени правила на докажување за да утврди дали сведокот може да сведочи и да го определи допуштениот обем на неговото сведочење, со цел да се обезбедат релевантност и законитост на исказот. Испитувањето треба да се темели врз лична врска на сведокот со релевантните настани, како и на неговата ментална и физичка способност да ги набљудува и да ги регистрира настаните во моментот на нивното случување, но и да ги пренесе во судницата со способност за сеќавање.[7]

## 2. Критериуми и претпоставки за способноста на сведокот да биде испитуван

Процедуралната проверка на способноста се врши при повикувањето на сведокот, со цел да се утврди дали од него може да се обезбедат точност, веродостојност и релевантност на исказот, како и дали постојат фактички предуслови за да даде законски допустлив исказ

---

[5] Jefferson L. Ingram, Criminal evidence – 10 th ed., University of Dayton, Anderson Publishing, LexisNexis, 2009.
[6] Nicola Monaghan „Law of Evidence“ Cambrige university press, 2015.
[7] Phipson, S., & Murphy, R. Phipson on Evidence. 20th ed. London: Sweet & Maxwell, 2022.

усогласен со процесните правила. За да може едно лице да биде признаено како сведок, се применува критериум заснован врз четири основни претпоставки за сведочење:[8]

***2.1. Интелектуална способност*** – Оваа претпоставка ги опфаќа когнитивната и комуникативната способност на сведокот да ја разбере обврската за вистинито сведочење и да го регистрира она што се случило. Таа ги вклучува основните психолошки компоненти на процесот на сведочење: оригинална перцепција на настаните, способност за нивно задржување и реконструкција преку сеќавање, како и можност за јасно, логично и кохерентно пренесување на сознанијата пред судот. Овие елементи обезбедуваат услови за правилно, веродостојно и правно релевантно вреднување на исказот како доказ.

***2.2. Морална способност*** – Оваа претпоставка се однесува на моралниот интегритет и свесноста на сведокот за природата и значењето на неговата обврска да ја зборува вистината пред судот. Таа подразбира разбирање на суштината на заклетвата, нејзината правна и етичка тежина, како и свеста за последиците од давање лажен исказ. Моралната способност на сведокот претставува клучен елемент во обезбедувањето на веродостојноста на доказите и ја поврзува индивидуалната совест со процесната должност за искреност и законитост на сведочењето.

***2.3. Познавање на предметот – непосредно искуство со настаните на сведокот*** – Оваа претпоставка се однесува на барањето сведокот да поседува непосредно сознание или лично искуство во врска со фактите и настаните за кои сведочи. Таа ја опфаќа суштината на принципот на непосредност, кој претставува едно од основните начела и во континенталниот, и во англосаксонскиот доказен систем. Целта е да се обезбеди дека сведокот го пренесува само она што лично го набљудувал, го доживеал или го перципирал, а не информации добиени посредно – преку трети лица или преку шпекулативни претпоставки (*hearsay evidence*).

Со ова се гарантира поголема веродостојност на исказот и му се овозможува на судот да ги процени вистинитоста и тежината на доказот врз основа на директното перцептивно искуство на сведокот.

***2.4. Законски претпоставки и привилегии*** – Ограничувања што влијаат врз правото на сведокот да сведочи, вклучувајќи законски исклучоци и професионални привилегии (на пример, адвокат и клиент, брачни или свештенички привилегии). Овие механизми се

---

[8] Competence and compellability of witnesses in criminal proceedings, LexisNexis Corporate Crime expert, 2025.

воспоставени за да се заштитат доверливите односи и да се спречи самоинкриминација на сведокот, но и други правни механизми што овозможуваат одредени лица да бидат ослободени од должноста за давање исказ, обезбедувајќи рамнотежа помеѓу интересите на правдата и заштитата на индивидуалните права.[9]

Овој систем ја нагласува важноста на комплексната процена на способноста на сведокот, која вклучува одредени критериуми, обезбедувајќи дека сведокот ќе даде веродостоен, релевантен и законски допустлив исказ, кој придонесува за правилното утврдување на фактичката состојба во судската постапка.

Заклучно, испитувањето на сведокот во кривичната постапка е сложен процес што бара баланс помеѓу правната нормативност, која гарантира законитост и еднаквост, и индивидуалниот пристап, кој овозможува ефективно и веродостојно добивање искази од сведоците. Со ваквиот пристап се обезбедува заштита на достоинството и правата на сведоците, како и подобрување на веродостојноста и релевантноста на доказите во судската постапка.[10]

### 2.1 Интелектуална способност за сведочење

Интелектуалната способност на сведокот претставува клучен предуслов за неговото учество во кривичната постапка и се состои од три меѓусебно поврзани компоненти:

***2.1.1. Перцептивна способност (способност да се забележи).*** Првата компонента се однесува на способноста на сведокот да набљудува и да регистрира релевантни факти и настани. Оваа способност е основа за утврдување на тоа дали сведокот располага со сознанија што може да бидат значајни во текот на кривичната постапка и го квалификува како извор на информации за фактите. За процена на оваа способност, сведокот мора да поседува стандардни когнитивни вештини за перцепција, набљудување, сеќавање и раскажување настани.

Перцептивната способност се базира врз сетилно регистрирање на предметите и појавите од надворешниот свет. Важно е да се нагласи дека перцепцијата не е апсолутно објективна, туку зависи од комплекс на субјективни и објективни фактори. Особена

[9] California Evidence Code sections 700-704 and Federal Rules of Evidence Rules 601-606.
[10] Cross, Rupert & Tapper, Colin. Cross and Tapper on Evidence. Oxford University Press, 2021.

важност има вниманието на сведокот, односно неговата способност фокусирано да ја забележи информацијата, што е условено од неговиот внатрешен однос кон настанот и од околностите во кои настанува. Факторите како што се стрес, емоционална возбуда, време на настанот и околината во која се случува може значително да влијаат врз точноста на набљудувањето.[11]

Способноста да се забележат и да се регистрираат фактите претставува основа за другите компоненти на интелектуалната способност – меморирањето и комуникацијата, кои заедно овозможуваат веродостоен и релевантен исказ на сведокот.

***2.1.2. Способноста да се меморира.*** Втората компонента на интелектуалната способност се однесува на способноста на сведокот да ги запомни и да ги задржи фактите набљудувани во моментот на нивното случување. Меморијата на сведокот е селективна: одредени информации се задржуваат во долгорочното сеќавање, додека, пак, други може да бидат заборавени или потиснати. Токму оваа способност за меморирање е клучна за утврдувањето на веродостојноста и релевантноста на исказот, со што директно влијае врз можноста сведочењето да се користи како законски допустлив доказ во кривичната постапка.[12]

***2.1.3. Способноста да комуницира.*** Третата компонента на интелектуалната способност се однесува на способноста на сведокот ефективно да ги пренесе своите набљудувања и сознанија. Ова подразбира дека сведокот може да го артикулира она што го запомнил. Комуникацијата не мора да се изразува единствено вербално, бидејќи постапката овозможува и други форми на пренос на информации, како што се знаковен јазик за глувонеми лица или посредување преку толкувач.

Квалитетот на комуникацијата зависи од различни фактори, вклучувајќи ги возраста на сведокот, полот, нивото на образованието, како и потеклото од рурална или урбана средина. Сите овие елементи влијаат врз способноста на сведокот да ги артикулира своите сеќавања и да ги пренесе точно и разбирливо пред судот.[13]

---

[11] Mickes, L. (2025). "The Cognitive Science of Eyewitness Memory." Current Directions in Psychological Science.
[12] Michael G. Karnavas, Обука на обучувачи „Домашни и меѓународни стандарди за доказни правила и приговори“, прирачник, Мисија на ОБСЕ во Скопје – Отсек за владеење на правото, Скопје, 18-20 декември 2014 г., стр. 9.
[13] California Evidence Code sections 700-704 and the Federal Rules of Evidence Rules 601-606.

Целиот процес на формирање на свеста кај сведокот за правно релевантните факти е под влијание на низа субјективни и објективни околности, што го нагласува комплексниот карактер на процената на интелектуалната способност за сведочење:

А) **Субјективни околности** – се однесуваат на индивидуалните физички и психички карактеристики на лицето што набљудува, вклучително и состојбата на сетилата и нервниот систем, интелектуалните способности, емоционалната состојба и личните карактеристики на сведокот.

Б) **Објективни околности** – се однесуваат на надворешните услови во кои се случил настанот, како што се оддалеченоста од местото на настанот, временските услови (ден/ноќ, магла, силен дожд, обилни снежни врнежи и слично), како и времето што поминало од моментот на набљудување до давањето на исказот.[14]

Во таа смисла, веродостојноста на сведочењето не зависи единствено од формалната способност на сведокот да сведочи, туку и од внимателната процена на субјективните и објективните фактори што влијаат врз неговата перцепција, меморија и способност за прецизно и разбирливо пренесување на фактите пред судот.

### 2.2 Морална способност за сведочење

Моралната способност за сведочење се однесува на капацитетот на сведокот да ја разбере и да ја прифати обврската да сведочи искрено под заклетва. Таа претставува клучен предуслов во однос на тоа исказот на сведокот да има доказна вредност и да придонесе за правилно утврдување на фактичката состојба во кривичната постапка. Моралната способност за сведочење се манифестира преку три основни аспекти:[15]

***2.2.1. Земање на исказот.*** Со цел исказот на сведокот да има доказна вредност, тој мора да биде даден во утврдена форма и во согласност со законски пропишаната постапка. Во одредени случаи, полицијата може да земе искази од сведоци; сепак, тие не претставуваат процесно дејство и немаат доказна релевантност, туку служат како информации за насочување на понатамошните истражни активности.

---

[14] Valentina Avrămescu „The Psychological Process of Forming Witness Statements“, DOI:10.5281/zenodo.5506949, Research Association For Interdisciplinary Studies, August, 2021.
[15] Dressler, J. (2021). Understanding Criminal Law (8th ed.). Carolina Academic Press.

Пред започнувањето на испитувањето, потребно е сведокот да биде предупреден за обврската да ја зборува вистината и дека не смее да премолчува информации. Дополнително, сведокот се известува дека давањето лажен исказ претставува кривично дело. Во рамките на предупредувањето се нагласуваат и ситуации во кои сведокот не е должен да одговара на одредени прашања, доколку постои ризик да се изложи себеси или блиските на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење. Ваквото предупредување се констатира во записникот.[16]

Лажниот исказ може да се класифицира како објективно и субјективно лажен: А) Објективно лажен исказ е исказ чија содржина не одговара на фактичката состојба. Б) Субјективно лажен исказ е свесно давање исказ спротивен од она што сведокот навистина го знае.

Фактите што се предмет на исказот мора да бидат релевантни за одлуката на судот. Пред да се изврши предупредувањето за обврската на сведокот да ја зборува вистината, тој мора да биде информиран за причините поради кои може да биде ослободен од должноста за сведочење. Доколку сведокот доброволно се откаже од ова право и изјави дека сака да сведочи, тогаш се извршуваат предупредувања за должноста за точен и вистинит исказ.

Сведоците се испитуваат одделно, при што одговорите, како правило, се даваат усно. Испитувањето започнува со прибирање генералии: име и презиме, име на таткото, професија, место на живеење, место на раѓање, возраст и однос со обвинетиот и со оштетениот. Сведокот е должен да го извести судот за секоја промена на адресата или престојувалиштето.[17]

Судот може да нареди сведоците да бидат отстранети од судницата и да бидат повикани повторно за испитување во присуство или отсуство на други сведоци. Оваа мерка обезбедува заштита од влијанија и ги зајакнува објективноста и веродостојноста на нивниот исказ.

За да се спречи какво било влијание врз сведокот за време на испитувањето, Законот за кривичната постапка забранува употреба на сугестивни прашања, односно прашања што содржат одговор, како и секоја форма на измама или манипулација. Овие процесни

[16] Чл. 386 „Испитување на сведок“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РСМ“ бр. 150/2010.
[17] Чл. 219 ст. 3 „Начин на испитување на сведок“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РСМ“ бр. 150/2010.

гаранции обезбедуваат зачувување на веродостојноста на исказот и ја штитат моралната способност на сведокот да даде искрен и точен исказ.[18]

***2.2.2. Должност за вистинито давање исказ.*** Моралната способност на сведокот се манифестира и преку должноста за вистинито сведочење, која произлегува од суштинската улога на сведокот како доказно средство во кривичната постапка. Законот за кривичната постапка (ЗКП) ја утврдува оваа должност како општа обврска за сите лица – домашни и странски државјани што престојуваат на територијата на Република Северна Македонија, освен ако со посебни законски одредби не се ослободени од неа.

Оваа должност се применува еднакво за сите лица, без оглед на нивната професионална положба, функција или ниво на образование, бидејќи сите што располагаат со сознанија што се релевантни за постапката се предмет на истражување. Според Законот, должноста за сведочење опфаќа две основни обврски:[19]

**А) Јавување на поканата:** Органот што ја води постапката доставува писмена покана до сведокот во која јасно се наведуваат името и презимето, занимањето на лицето, времето и местото на сослушување, кривичниот предмет поради кој се повикува сведокот, како и назнаката дека се повикува во својство на сведок, придружена со предупредување за правните последици од неоправдано изостанување.[20]

Сведокот е должен да се јави по добиена покана, освен доколку постојат оправдани причини за отсуство, како што се старост, болест или тешки телесни ограничувања што го оневозможуваат присуството. Во такви случаи, судијата има овластување да го испита сведокот на местото каде што се наоѓа.[21]

Несоодветното јавување или неодговарање на поканата може да биде санкционирано преку присилно доведување или парична казна согласно одредбите од чл. 224 и чл. 88 од ЗКП. Причините за оправданост на отсуството ги проценува органот што ја води постапката, при што најчести се: прекин на комуникациите, елементарни непогоди, ненадејна тешка болест и слични околности.

---

[18] Чл. 219, ст. 4 „Начин на испитување на сведок“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.

[19] Чл. 212 „Лица што може да бидат сведоци“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.

[20] Чл. 218, ст. 1 „Повикување сведок“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.

[21] Чл. 218, ст. 3 „Повикување сведок“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.

**Б) Давање исказ:** Втората основна обврска на сведокот се состои во тоа да сведочи вистинито и да не премолчува никакви сознанија што се релевантни за предметот на кривичното дело и сторителот. Под поимот „вистинит исказ“ се подразбира исказ што целосно одговара на личните сознанија и искуствата на сведокот.

Сведокот го премолчува она што го знае кога не ги изнесува сите факти што ги забележал и ги запомнил, при што исказот не го отсликува вистинскиот тек на настаните. Лажниот исказ, пак, се карактеризира како исказ што не соодветствува со вистинските сознанија на сведокот. Дури и изјавата дека сведокот „не знае ништо“, кога всушност видел или слушнал релевантни информации, се смета за давање лажен исказ.

Законската рамка предвидува одредени исклучоци: сведокот не е должен да одговара на прашања што би можеле да го изложат него или негови блиски роднини на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење.[22] Исто така, сведокот е должен да се соочи со предметите и лицата што ќе му бидат покажани за идентификација.

Во случај сведокот да се јавил на поканата, но без законска оправданост одбива да даде исказ, може да биде санкциониран со парична казна, со што се заштитува интегритетот на судската постапка и се нагласуваат моралната и законската обврска за вистинито сведочење.[23]

**В) Полагање заклетва на сведокот.** Заклетвата претставува процесно средство со цел да ги засили објективноста и веродостојноста на исказот на сведокот. Во рамките на нашиот кривично-процесен систем, полагањето заклетва не е облигаторно, туку е оставено на дискреција на судот дали ќе се побара од сведокот да ја положи.

Во зависност од применетиот модел на кривична постапка, заклетвата може да биде промисорна – сведокот ја положува пред да даде исказ – или може да се положи по дадениот исказ. Со полагањето заклетва, сведокот свечено се обврзува да ја зборува вистината согласно текстот на заклетвата, а претседателот на советот го информира за неговата должност да ги изнесе сите сознанија што ги има во врска со предметот на постапката.

Исто така, сведокот се известува дека давањето лажен исказ претставува кривично дело. Судот најчесто ја применува заклетвата на сведоци за кои се смета дека нејзиното

---

[22] Чл. 216 „Право на сведокот да не одговара на одредени прашања“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.
[23] Г. Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски, Д. Илиќ, op. cit., стр. 137 и 138.

полагање ќе придонесе за ослободување на исказот од евентуална пристрасност и ќе ја зајакне неговата веродостојност.[24]

Заклетвата претставува процесно средство што нема религиски карактер и се применува на истиот начин за сите сведоци, без оглед на нивната верска припадност. Текстот на заклетвата, утврден со членот 386 од Законот за кривичната постапка (ЗКП), гласи: „Се колнам со својата чест дека за сѐ што ќе бидам прашан ќе ја зборувам вистината и дека ништо што сум видел и слушнал нема да премолчам." По правило, заклетвата се полага пред да започне сведочењето. Сепак, може да се положи и пред главната расправа доколку постои оправдан страв дека сведокот поради болест или други причини нема да може да присуствува, а причината за полагањето се констатира во записникот.

Современите законски решенија, вклучително и нашите, јасно ја исклучуваат религиозната припадност како фактор за процена на веродостојноста на сведокот. Ниту едно лице не смее да биде прогласено за неспособно за сведочење поради неговите религиозни уверувања или нивниот недостаток. Доколку сведокот е способен да ги разбере должноста на заклетвата и последиците од лажно сведочење, неговата способност за давање исказ не се оспорува, без оглед на религиозната позадина. Религијата не смее да се користи како средство за зголемување на веродостојноста на сведокот.[25]

Нашиот закон предвидува и исклучоци од обврската за полагање заклетва. Не се дозволува заклетвата за:

- лица што во моментот на испитувањето немаат навршено 18 години;
- лица што поради својата психичка или душевна состојба не може да ги сфатат значењето и последиците од полагањето на заклетвата.[26]

Во ситуации кога во прашање се доведува способноста на сведокот да сведочи, судијата е должен да изврши прелиминарна процена на компетентноста на лицето. По утврдувањето дека предложениот сведок е способен, следниот чекор е детална оцена на веродостојноста на сведокот и доказната вредност на неговото сведочење, со цел да се обезбеди правилно и целисходно донесување на конечната судска одлука.

---

[24] J. B. Spencer, Introduction, во: M. Delmas-Marty & J. R. Spencer (ed.), European Criminal Procedures, Cambridge U.P. 2002, 20.
[25] Jefferson L. Ingram стр. 281.
[26] Чл. 223 „Лица што не смеат да положат заклетва", Закон за кривичната постапка, „Службен весник на РМ" бр. 150/2010; Г. Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски, Д. Илиќ, op. cit., стр. 143.

### 2.3. Познавање на предметот – непосредно искуство со настаните на сведокот

Една од клучните претпоставки за способноста на лицето да сведочи е постоењето непосредно познавање на предметот на докажувањето, односно лично сознание или директно искуство со фактите и настаните за кои сведочи. Само сведок што имал непосреден контакт со релевантните настани може да понуди исказ со доказна вредност, кој е валиден, веродостоен и релевантен за утврдувањето на фактичката состојба во судската постапка.[27]

Вредноста на сведочењето произлегува од принципот на непосредност, според кој сведокот е должен да сведочи за настани што лично ги видел, ги чул или на друг начин ги доживеал преку своите сетила. Исказ што се заснова врз пренесени информации од трети лица претставува посредно сведочење (*hearsay*)[28] и, во континенталниот правен систем, обично не се признава како доказ, бидејќи судот нема можност да ги провери точноста и веродостојноста на информацијата преку непосредно испитување на изворот.

Во континенталниот систем, кој спаѓа во рамките на романско-германското правно семејство, принципот на непосредност (*immediacy principle*) е тесно поврзан со начелото на усност и јавност на постапката. Судијата лично ја согледува изјавата на сведокот, вклучувајќи ги неговото држење, начинот на изразување и реакциите за време на испитувањето, бидејќи овие елементи се од суштинско значење при процената на веродостојноста на исказот.[29]

Исказите од втор ред, односно сведочења што се базираат врз она што сведокот го чул од друго лице (*hearsay*) обично се исклучуваат или се оценуваат со исклучителна претпазливост. Овој пристап обезбедува повисок степен на процесна сигурност и гарантира дека судот има директен увид во содржината и контекстот на сведочењето. Сепак, во случаи кога првичниот сведок не е достапен, ова ограничување може да ја намали достапната доказна база, што понекогаш претставува предизвик за целосно утврдување на фактите.[30]

---

[27] Binder, M. (2018). Witness competence and testimony in criminal proceedings: Comparative perspectives. Oxford University Press.
[28] McCormick, C. T. (2006). McCormick on Evidence (6th ed.). Thomson/West.
[29] Lau, A. (2016). European Criminal Procedure: Law and Practice. Oxford University Press; Keilitz, S. (2018). Evidence in the European Legal Systems. Routledge.
[30] Isser, H. (2011). Trial Evidence and Criminal Procedure in Comparative Perspective. Carolina Academic Press.

Во рамките на англосаксонскиот правен систем, правилото за исклучување на посредните искази (*hearsay rule*) има специфичен историски и концепциски развој и претставува еден од темелните принципи на доказното право, насочен кон обезбедување веродостојност и процесна правичност. Иако општото правило го забранува приемот на посредни искази, системот признава низа исклучоци, произлезени од практичниот и прецедентниот карактер на англиското и американското право. Според овие исклучоци, одредени изјави може да бидат прифатени дури и ако се индиректни, под услов тие да содржат доволни гаранции за нивна автентичност, веродостојност, да бидат релевантни за суштинските прашања во постапката и нивното прифаќање да биде неопходно со цел правилно утврдување на фактичката состојба и остварување на правдата.[31]

Овие исклучоци се воведени со цел да се одржи рамнотежата помеѓу ефикасноста и веродостојноста на доказите. Иако англосаксонскиот систем е пофлексибилен во однос на прифаќањето посредни искази, непосредното лично искуство останува златен стандард во процесот на докажување. Судот секогаш ја оценува тежината на исказот врз основа на тоа дали сведокот лично ги перципирал фактите и дали сведочењето произлегува од вистинско, автентично доживување.[32]

Во двата правни система (континентален и англосаксонски), познавањето на материјата е тесно поврзано со свеста, перцептивните способности и когнитивната зрелост на сведокот. Сведокот мора да располага со ментална и психолошка способност да ги разликува фактите што ги согледал од сопствените мислења, претпоставки или толкувања.[33] Судот притоа ги оценува јасноста на сеќавањето, конзистентноста на исказот, како и влијанието на надворешни фактори (на пример, време, емоционална состојба или притисоци) врз перцепцијата на сведокот.

Исказот на сведокот има доказна вредност само доколку произлегува од неговото лично познавање на предметот на сведочење, стекнато преку непосредно набљудување или доживување на настаните. Недостигот на лично искуство го намалува кредибилитетот на сведочењето и го нарушува основното начело на непосредност.

---

[31] Federal Rules of Evidence (FRE), Rules 803–807 (28 U.S.C. App.), as amended to December 2024; United States v. Tome, 513 U.S. 150 (1995) – leading case interpreting hearsay exceptions.
[32] Federal Rules of Evidence. (2025). Rules and commentary on hearsay exceptions. U.S. Government Printing Office.
[33] Smith, J. (2019). The role of witness perception in legal proceedings. Cambridge University Press.

### 2.4. Законски претпоставки (привилегии)

Следната суштинска претпоставка за способноста на едно лице да сведочи се законските претпоставки, познати и како привилегии, кои ги регулираат правото и обврската на одредени категории лица да бидат испрашувани во кривичната постапка. Според казнено-процесното право, постојат лица што може да бидат испрашувани само под специфични услови или кои во одредени ситуации не се должни да сведочат. Обемот на овие привилегии зависи од својството во кое лицето е повикано и од предметот на неговото сведочење. Во кривичната постапка, лицето може да се испитува најчесто во три основни својства:

А) Обвинет – лице против кое се води постапката;

Б) Сведок – извор на сознанија за фактичката состојба;

В) Вештак – експерт што дава стручно мислење за одредени прашања и кој исто така е извор на сознанија за фактите.[34]

Законот предвидува дека одредени привилегии може да го ослободат сведокот од должноста за сведочење, со цел да се заштити доверливоста, личниот интерес или професионалниот интегритет. Историски, овие правила се развиле и низ обичајното право, кое обезбедува основа за нивната современа примена. Така, се предвидува:

А) Сопружниците – не може да сведочат еден против друг поради постоење непосреден личен интерес во исходот на случајот, што може да ја наруши нивната објективност;

Б) Адвокатите – не може да сведочат против своите клиенти, со цел заштита на професионалната тајна и довербата во правниот систем;

В) Верските лидери – не може да сведочат против членовите на нивните верски заедници, со цел заштита на доверливоста и интегритетот на духовните односи.

Во континенталното казнено-процесно законодавство, привилегиите се интегрирани како формално утврдени исклучоци од општата должност за сведочење. Иако должноста за сведочење е универзална, законски се определени специфични категории лица што не смее да бидат испитани како сведоци или се ослободени од обврската да дадат исказ.

Овие законски претпоставки исполнуваат двојна функција:

---

[34] Ibid. Michael G. Karnavas.

1. Заштита на доверливи или чувствителни односи – како што се брачните, адвокат и клиент или духовните врски;
2. Зачувување на веродостојноста и непристрасноста на исказите – со избегнување ситуации во кои сведокот не може да обезбеди објективни и релевантни сознанија.

На овој начин, законските претпоставки и привилегиите претставуваат клучен елемент на институционалната рамка за утврдување на способноста на сведокот, обезбедување законитост и гарантирање правична постапка во казнено-процесното право.

***2.4.1. Лица што не смее да бидат испитани како сведоци.*** Законските ограничувања предвидуваат одредени категории лица кои, со цел заштита на државни, професионални и лични интереси, не смее да бидат испитани како сведоци.[35]

1. Лица чие сведочење би довело до прекршување на обврската за чување државна или воена тајна, освен ако надлежен орган не ги ослободи од оваа обврска;
2. Бранители на обвинетиот за сознанијата стекнати во рамките на правниот застапувачки однос, освен ако самиот обвинет не побара нивно сведочење;
3. Лица што би ја прекршиле обврската за чување деловна тајна во врска со информации стекнати при вршење на својата професија (на пример, верски исповедници, адвокати, лекари), освен ако се ослободени од оваа обврска со посебен пропис, со писмена изјава на лицето во чија корист се чува тајната или со изјава на неговиот правен наследник;
4. Малолетни лица, кои со оглед на возраста и степенот на душевна зрелост не се способни да го разберат значењето на правото да се откажат од сведочење, освен ако самиот обвинет не побара нивно сведочење;
5. Лица кои, поради душевна или телесна болест, или поради старост, не се способни да сведочат, односно не може да го извршат дејството на давање исказ.

Целта на овие законски ограничувања е заштита на доверливите информации, професионалните тајни и личните права на засегнатите лица, при што се одржува ефикасноста на кривично-процесната постапка, без да се доведуваат во прашање легитимноста и законитоста на доказите.

---

[35] Чл. 213 „Лица што не може да бидат сведоци“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.

***2.4.2. Лица што се ослободени од должноста да сведочат.*** Освен лицата што не смее да бидат испитани, казнено-процесното право предвидува и категории лица што се ослободени од должноста да сведочат. Овие лица имаат право самостојно да одлучат дали ќе се јават во својство на сведок, при што нивното одбивање да сведочат не може да биде санкционирано:[36]

1. Брачниот и вонбрачниот другар на обвинетиот;
2. Роднините на обвинетиот: по крв во права линија, роднините во странична линија до трет степен, како и роднините по сватовство до втор степен;
3. Посвоеникот и посвоителот на обвинетиот.

Ослободените од должноста на сведочење се регулирани преку институтот на привилегиите, чија цел е да го заштитат правото на лице да не се самоинкриминира и да ја зачуваат доверливоста на одредени комуникации.

Привилегиите имаат двојна функција:

1. Првата е правна заштита на доверливиот однос помеѓу клиент и адвокат, лекар и пациент, сопружници, терапевт или свештеник.
2. Втората е правна последица за постапката, бидејќи може да доведат до исклучување релевантни и веродостојни докази од судскиот процес.

Само носителот на привилегијата може да се откаже од неа, а товарот за докажување или оправдување на привилегијата лежи кај страната што ја повикува.

Во англо-американското право се препознаваат два типа сопружнички привилегии:[37]

1. Привилегија за сведочење – овозможува еден сопружник да не биде присилен да сведочи против својот сопружник што е обвинет. Носител на оваа привилегија е самиот сведок сопружник, а привилегијата важи само за време на бракот; по неговото завршување, таа престанува да важи.
2. Доверливи комуникации помеѓу сопружниците – заштитуваат комуникации меѓу сопружниците од откривање во судски постапки, со што се исклучува обврската на

---

[36] Според чл. 214 „Лица ослободени од должноста да сведочат“ од Законот за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.
[37] Federal Rules of Evidence Rule 501, 502 (spouse testimonial и marital communications privilege); Trammel v. United States, 445 U.S. 40 (1980).

сведочење во врска со овие разговори. Привилегијата се однесува на двете страни и продолжува да важи дури и по престанувањето на брачниот однос.[38]

Овие законски механизми се од суштинско значење за заштитата на личните права и доверливоста, при што се овозможува праведна и легитимна кривично-процесна постапка.

Ослободувањето од должноста на сведочење ја опфаќа единствено обврската да се даде исказ, но не ја отстранува обврската на лицето да се јави на поканата. Доколку лице што е ослободено од должноста за сведочење не се јави на поканата, може да биде приведено и да сноси законски последици од недоаѓањето. Оваа процедура е неопходна, прво поради тоа што преку земање општи податоци се утврдува идентитетот на сведокот и неговиот однос со обвинетиот, а дури потоа се одредува дали лицето спаѓа во категоријата ослободени лица.

Одлуката на лице да не сведочи може да се отповика. Така, на пример, лице што во фазата на истражната постапка се користело со своето право да не сведочи може да се согласи да сведочи на главната расправа. И обратно, лице што претходно сведочело може на главната расправа да се повлече од давање исказ.

Со цел исказот на овие лица да има доказна вредност, пред пристап кон испитување или веднаш штом се утврди нивниот однос со обвинетиот тие мора да бидат соодветно предупредени дека не се должни да сведочат. Самото предупредување, заедно со одговорот на сведокот, мора да биде внесено во записникот.[39] Недоволно или непостојано предупредување може да ја оневозможи доказната употребливост на исказот.

Лице што има основа да не сведочи спрема еден од обвинетите е ослободено и спрема останатите сообвинети, доколку неговиот исказ не може да се ограничи само на другите обвинети.[40]

Причините што оправдуваат ослободување од должноста на сведочење, особено кај роднините, се двојни:

1. Хуманост – за да се избегне создавање ситуација каде што роднините би биле принудени да дадат исказ што може да му наштети на обвинетиот;

[38] Ibid. стр. 41.
[39] Чл. 214, ст. 2, Закон за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/20102010.
[40] Чл. 214, ст. 3 Закон за кривичната постапка, „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.

2. Заштита од лажен исказ – поради блискоста и емоционалниот однос, постои реална можност роднините да дадат исказ што не е точен, а тоа би претставувало кривично дело.[41]

Во англосаксонскиот систем, привилегиите за комуникација го заштитуваат доверливиот карактер на општењата меѓу соодветно поврзани страни, како што се клиент и адвокат, брачен партнер, терапевт и клиент или свештеник и исповедник. Овие привилегии, исто така, може да опфаќаат и тематски ограничувања, на пример, доверливи државни или деловни информации. Привилегиите се своевиден правен инструмент што ги зачувува доверливите односи и ја регулира достапноста до релевантни информации во судската постапка, со што се обезбедува заштита на личните и професионалните права без да се нарушат законитоста и легитимноста на доказниот процес.[42]

## 3. ЗАКЛУЧОК

Испитувањето на сведокот во кривичната постапка претставува комплексен процес што бара усогласување на формалната законитост со индивидуалниот пристап кон сведоците. Процедуралната проверка на способноста, базирана врз интелектуална и морална способност, непосредно познавање на предметот и постоење законски претпоставки и привилегии, е клучна за обезбедувањето веродостојни, релевантни и законски допустливи искази. Ваквиот систем овозможува баланс помеѓу почитувањето на процесните начела и заштитата на достоинството и правата на сведоците, истовремено засилувајќи ги интегритетот на доказите и довербата во исходите на судската постапка. Овој пристап ги гарантира праведноста, непристрасноста и ефикасноста на кривичната постапка, обезбедувајќи висока веројатност за точни и кредибилни судски одлуки.

Интелектуалната способност на сведокот се манифестира преку три меѓусебно поврзани компоненти: способност за прецизно забележување релевантни факти, способност за нивно трајно меморирање и способност за јасно и ефикасно комуницирање на забележаното. Овие способности се условени од индивидуалните карактеристики на

[41] Г. Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски, Д. Илиќ, op. cit., стр. 139.
[42] Michael G. Karnavas, Обука на обучувачи „Домашни и меѓународни стандарди за доказни правила и приговори“, прирачник, Мисија на ОБСЕ во Скопје – Отсек за владеење на правото, Скопје, 18-20 декември 2014 г., стр. 39.

лицето – возраст, образование, психофизички капацитети, како и од објективните околности на настанот, вклучувајќи време, место и надворешни влијанија. Ваквото повеќеслојно разгледување ја истакнува сложеноста на процената на интелектуалната компетентност на сведокот.

Моралната способност го обезбедува сознанието на сведокот за неговата должност да сведочи вистинито и за правните последици од лажно сведочење. Полагањето заклетва, иако не е задолжително, претставува ефикасен механизам за поттикнување на објективноста и искреноста на исказот. Во овој контекст, должноста за сведочење се однесува на сите лица со сознанија за фактичките состојби што се предмет на постапката, додека, пак, законските правила предвидуваат исклучоци и ослободувања од обврската за сведочење со цел заштита на лични, професионални и доверливи односи.

Законските претпоставки и привилегиите обезбедуваат заштита на одредени категории лица, спречувајќи нивно принудување да сведочат кога тоа би можело да доведе до самоповредување или да наруши доверливи комуникации (како што се случаите со сопружници, адвокати, лекари или верски лица). Привилегиите ја зачувуваат автономијата на сведокот, дозволувајќи му самостојно да одлучи дали ќе сведочи, со што се одржува балансот помеѓу интересот на постапката и заштитата на индивидуалните права.

Имајќи ја предвид комплексноста на критериумите за способност, од суштинско значење е да се прави разлика помеѓу способноста на сведокот да сведочи и веродостојноста на неговиот исказ. Лице што е способно да сведочи може да даде исказ што, поради субјективни или објективни фактори, ќе се оцени како несигурен или нецелосен. Оваа разлика ја потврдува потребата за внимателно и стручно водење на испитувањето на сведоците, со цел да се обезбеди интегритет на судскиот процес.

Заклучно, утврдувањето на способноста на сведокот претставува основа за целокупната процена на доказите во казнената постапка. Прецизната и темелна примена на критериумите за интелектуална, морална и законска компетентност ја зајакнува законитоста на постапката, обезбедува правна сигурност и ја гарантира веродостојноста на донесените судски одлуки. Со ова се потврдува суштинската улога на способниот сведок како носител на релевантни сознанија, кој придонесува за справедливост, точност и ефикасност на казнено-процесните дејства.

## 4. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Federal Rules of Evidence (FRE), LexisNexis, 2024.
2. Jefferson L. Ingram, Criminal evidence – 10 th ed., University of Dayton, Anderson Publishing, LexisNexis 2009.
3. United States v. Tome, 513 U.S. 150 (1995).
4. A. Lau, European Criminal Procedure: Law and Practice. Oxford University Press, 2016
5. California Evidence Code (Westlaw, 2024).
6. Competence and compellability of witnesses in criminal proceedings, LexisNexis Corporate Crime expert, 2025.
7. Cross, Rupert & Tapper, Colin. Cross and Tapper on Evidence. Oxford University Press, 2021.
8. H. Isser, Trial Evidence and Criminal Procedure in Comparative Perspective. Carolina Academic Press, 2011.
9. J. B. Spencer, Introduction, M. Delmas-Marty & J. R. Spencer (ed.), European Criminal Procedures, Cambridge U.P. 2002.
10. J. Smith, The role of witness perception in legal proceedings. Cambridge University Press, 2019.
11. J. Dressler, Understanding Criminal Law (8th ed.). Carolina Academic Press, 2021.
12. Keilitz, S. Evidence in the European Legal Systems. Routledge, 2018.
13. L. Mickes, "The Cognitive Science of Eyewitness Memory." Current Directions in Psychological Science 2025.
14. M. Bindemann, Zeugenvernehmung im Strafprozess, Berlin: De Gruyter, 2018.
15. M. Binder, Witness competence and testimony in criminal proceedings: Comparative perspectives. Oxford University Press, 2018.
16. McCormick, C. T., McCormick on Evidence (6th ed.). Thomson/West, 2006.
17. Michael G. Karnavas, Обука на обучувачи „Домашни и меѓународни стандарди за доказни правила и приговори“, прирачник, Мисија на ОБСЕ во Скопје – Отсек за владеење на правото, Скопје, 18-20 декември 2014 г.
18. Nicola Monaghan „Law of Evidence“ Cambrige university press 2015.
19. Rules and commentary on hearsay exceptions. U.S. Government Printing Office. (2025).

20. S. Phipson, & R. Murphy, Phipson on Evidence. 20th ed. London: Sweet & Maxwell, 2022.
21. Trammel v. United States, 445 U.S. 40 (1980).
22. Valentina Avrămescu „The Psychological Process of Forming Witness Statements“, DOI:10.5281/zenodo.5506949, Research Association For Interdisciplinary Studies, August 2021.
23. Г. Бужаровска, Г. Калајџиев, Б. Мисоски, Д. Илиќ „Казнено процесно право“, Скопје, 2015 г.
24. Закон за кривичната постапка (ЗКП), „Службен весник на РМ“ бр. 150/2010.

**Vesna Trajanovska**[43]

# THE PROCEDURAL COMPETENCE OF THE WITNESS IN THE CRIMINAL PROCEDURE

## Abstract

This paper focuses on the competence of individuals to testify in criminal proceedings, which constitutes a key prerequisite for establishing facts and assessing the credibility of evidence. The procedural examination of witness competence is conducted at the stage of summoning the witness to ensure that the testimony provided is accurate, relevant, and legally admissible. The paper identifies four fundamental prerequisites for testifying: intellectual capacity, moral integrity, direct knowledge of the subject matter, and compliance with statutory conditions and privileges.

Particular attention is devoted to distinguishing between a witness's competence and the credibility of their testimony, as well as to the role of the court in assessing the admissibility and scope of witness evidence. A comparative analysis is conducted between the continental and Anglo-Saxon legal models, emphasizing the importance of the witness's integrity and the degree of trust placed in their testimony.

The conclusion confirms that the harmonized and professional application of procedural rules regarding witness competence is of crucial importance for ensuring fair, efficient, and lawful criminal proceedings aimed at protecting individual rights and the integrity of evidence

**Keywords:** *procedural competence, credibility of testimony, intellectual capacity, moral integrity, immediacy of testimony, legal presumptions, privileges*.

---

[43] The author holds a Doctor of Legal Sciences in the field of Criminal Procedure Law and has been appointed as an Associate Professor of Criminal Law at the International Balkan University.